Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр. 1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

# РАБОТНА СРЕДБА ПОМЕЃУ АСОЦИЈАЦИЈАТА ЗА Е-ТРГОВИЈА И УЈП

На ден 22.10.2024 година претставници од Управата за јавни приходи остварија работна средба со раководството на Асоцијацијата за е-трговија на Македонија. На состанокот беа опфатени повеќе теми и проблематики кои се појавуваат во е-трговијата кај бизнис секторот, а се во насока на заштита на компаниите кои уредно го плаќаат данокот. Се зборуваше за тековните проблеми на е-трговците кои се регистрирани даночни обврзници и дискусија за можни решенија за нивно правилно постапување при работа.

Исто така, дискутираше и за потреба од креирање на мерки за спречување на сивата економија во е-трговијата, можни измени и дополнувања на Законот за регистрирање на готовински плаќања со што ќе се овозможи издавање на фискални сметки при интернет продажбата.

Од страна на Асоцијацијата беше поддржан Проектот за дигитализација во е-трговијата - проектот е-фактура, а на состанокот двете страни договорија дека ќе биде разгледана можноста за потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Управата за јавни приходи и Асоцијацијата за е-трговија.